# СмартАп

## Лабораторија за социјални иновации

**Годишен наративен и финансиски извештај за 2022 година**

Април 2023

**Преку нашата интердисциплинарна работа целиме да ги инспирираме и омоќиме луѓето и организациите да се посветат на решавање на современите општествени предизвици.**

Почитувани пријатели и соработници,

Добредојдовте во СмартАп, Лабораторија за социјални иновации, организација посветена на создавање позитивни промени во општеството.

СмартАп беше основана во 2014 со идејата да се создаде простор за равој на млади професионалци кои сакаат своето време да го посветат на создавање нешто вредно, со вистински импакт. По остварување на неколку помали проекти и TEDx настани, во 2017 го проширивме нашиот тим и одлучивме да отпочнеме нов период каде се посветивме на решавање на нови општествени предизвици и се трансформиравме во Лабораторија за Социјални Иновации.

Започнавме со работа на поголеми проекти, како СкопјеЛаб, првата локална владина лабораторија за иновации на Балканот и INNO4EDU, иницијатива која цели да поттикне иновирање и ко-креирање во националниот образовен систем. Бидејќи ова се теми со огромна важност и благодарение на посветеноста на сите неверојатни и ентузијастични членови на тимот на СмартАП, во 2019, 2020 и 2021 значително напредувавме во нашиот обем, цели и големината на нашите активности. Сега сме целосно остварена Лабораторија за Социјални Иновации, со тим од 10+ членови во три програми насочени кон Образование и Млади, Климатски Промени и

Иновации во Јавниот Сектор, со посветена мрежа која постојано расте, иновативни процеси и тим на професионалци кои се подготвуваат за новото поглавје од нашата авантура, исполнето со возбудливи интернационални проекти со уште поголем импакт.

Развојот на ЕДУИНО Колективниот портал се појави како продолжение на проектот "#INNO4EDU Поставување на поволно опкружување за подобрување на квалитетот на наставата и учењето преку ко-креирање и иновации. Овој континуитет ни овозможи да им бидеме целосна поддршка на Бирото за развој на образованието во спроведување на Целокупната стратегија за развој на образованието 2018 - 2025, новиот Национален концепт за учење на дистанца, Националниот концепт за основното образование и потребата од подобрување на спроведувањето на Програмата за развој на рано детство и учебниците за 1. до 3 одделение.
Горди сме што за овој период успеавме да поддржиме неколку иницијативи во рамките на овој проект, меѓу кои и

- Мрежа за учење науки, кој треба да обезбеди поголеми можност за институции, училишта, наставници и ученици да се вклучат во СТЕМ искуства и практично учење за природните науки,
- ЕДУИНО Лаб, виртуелна лабораторија за симулирање на самостојно учење и безбедно место за изведба на експерименти од природните науки
- ЕДУИНО Игратон, за да го зајакнеме учеството на родителите во процесите на учење со своите деца
- ЕДУИНО Амбасадори, иницијатива преку која изградивме мрежа на едукатори кои меѓусебно можат да соработуваат и ги спроведуваат своите идеи.

Проектите Инофинрес (Иновативни финансиски модели за поддршка на преодот кон обновливи извори на енергија), со кој успеавме да изградиме модел на финасирање на заедниците и да поставиме прототип на

градинката во општина Илинден и Градови од иднината на југоисточна Европа, чија цел е градот Скопје да стане едно од најубавите места за живот, работа и посетување, се дел од успесите кои ги постигнавме во текот на изминатата година.

Но, тука нашата мисија не завршува. Во наредната година посветено ќе работиме на скалирање на постоечките проекти и нивниот импакт, како и на создавање нови можности за постигнување позитивни општествени промени.

Ве повикуваме да ни се приклучите на оваа авантура!

Тимот на СмартАП,

## Нашата Мисија, Визија и Вредности

# Нашата цел е да **катализираме иновации за промена во регионот** и пошироко.

СмартАп работи на градење екосистеми кои поврзуваат различни актери со цел промовирање и развој на социјални иновации, градејќи одржливо општество од социјален, економски и аспект на животната средина.

Со воспоставување на простор за **нови можности, партнерства, проекти и иницијативи** со импакт во повеќе области, можеме да дизајнираме и понудиме применливи и иновативни решенија кои ќе ја задоволат растечката побарувачка.

Со примена на **прилагодливи дизајн процеси** и адаптирање на методи поттикнуваме системски промени за **адресирање на постоечки и нови општествени предизивици** со цел создавање на средина за непречен и непрекинат просперитет на луѓето.

Вклучуваме и поврзуваме **институции, организации, колективи и индивидуалци** за да ко-креираме одржлива иднина каде секој ги има можностите целосно да го оствари својот потенцијал.

**Нашата мисија** е да бидеме во чекор со иновациите кои се случуваат околу нас а а тоа успеваме да го направиме со:

- Промовирање и стимулирање на социјалните иновации и социјалното претприемништво преку иновативни, интерактивни и атрактивни настани за подигнување на свеста за позитивните промени кои можат да се донесат;
- Соработка со различни меѓународни актери за развој на проекти/производи/социјални иновации, споделување и размена на искуства;
- Поврзување на сите актери во екосистемот на социјалната иновација и помагање да се креира основа за соработка;
- Истражување и идентификување на општествени предизвици.

**Пристапот кој го користиме**

Во СмартАп работиме по методологијата на дизајнерско размислување, каде фокус е ставен на потребите на корисниците и нивното вклучување во секој чекор од развојот на иновации. Нашиот процес на работа се состои од неколку фази: истражување, колаборативен дизајн и развој на иновации, прототипирање и тестирање и следење и постојано подобурвање.

**Главни сектори на дејствување**

| | | |
|---|---|---|
| Образование и млади | Животна средина и Климатски промени | Иновации во јавниот сектор |

**Географска област**:

Национална/Меѓународна

**Број на вработени во 2022:**

- 8 вработени
- 6 ангажирани лица
- 12 надворешни соработници (консултанти во специфична област, графички дизајнери,преведувачи)

# Тековни и реализирани проекти во 2022 година:

| Период на реализација | Донатор | Кратот опис на проектот |
|---|---|---|
| Септември - Декември 2022 | ЕИТ Клајмат КИК | **Иннофинрес-Иновативни финансиски модели за поддршка на преодот кон обновливи извори на енергија**<br><br>Со финансирање од ЕИТ Клајмат КИК, овој проект се креира нов модел за финансирање за олеснување на преодот кон обновливи извори на енергија (ОИЕ). Моделот се базира на најдобри практики за заедничко финансирање и инвестирање со влијание во локалната власт. Преку ретрофитирање на детска градинка со ПВТ хибридни собирачи, се демонстрира можноста за успешна употреба на новата технологија со постигнати заштеди во текот на одреден период. Различни заинтересирани страни беа вклучени во процес за создавање на моделот, осигурувајќи се дека тој е остварлив и изводлив во локалниот контекст. Проектот и овозможи на локалната власт да ги избегне превисоките сметки за струја, како и да ги користи природните ресурси разумно од нов финансиски аспект, со компензирање на трошоците на таквите интервенции преку масовно собирање на средства и слични партнерства и употребата на постигнатите заштеди за поддршка на преодот кон обновливи извори на енергија. |
| Април-Јуни 2022 | ЕИТ Клајмт КИК | **Енербилд**<br><br>Проектот има за цел да ги ублажи климатските промени преку оптимизирање на потрошувачката на енергија со помош на технологии за паметни згради, како и со следење на животната средина и квалитетот на воздухот во зградата за усогласеност со стандардите. Проектот предвидува комбинирано распоредување на индустриската платформа HiPerWare од BPS International (Германија) и платформата за интелигентно управување со одржување („IMMP“) од Infraspeak (Португалија) во пилот зграда обезбедена од Cabildo de Gran Canaria (Шпанија).Комбинираното решение ќе ги следи и анализира комуналните системи на пилот-зградата со собирање големи податоци за нивната работа, со создавање дигитален близнак, откривање на нетипично однесување и обезбедување препораки за оптимизација базирани на податоци. Со овие препораки ќе управува иновативниот IMMP од Infraspeak, што ќе доведе до значително подобрување во потрошувачката на енергија, намалување на времето на прекин на опремата и оптимизирање на оперативните перформанси. Комбинираното решение ќе ги следи и анализира комуналните системи на пилот-зградата со собирање големи податоци за нивната работа. |

| | | |
|---|---|---|
| Јули 2019-Декември 2022 | ЕИТ Клајмат КИК | **Градови од иднината на југоисточна Европа**<br><br>Проектот " Градови од иднината на Југоисточна Европа" е со финансиска поддршка од ЕУ, преку иницијативата ЕИТ Клајмат КИК, со Смарт АП како главен партнер кој се спроведува во 5 балкански земји, во градовите Марибор, Сараево, Скопје, Крижевци и Ниш. Мисијата е да се забрза трансформацијата кон нула-емисии во 15+ квартови во најмалку 5 градови во Југоисточна Европа, така што до 2025 година овие градови ќе станат едни од најдобрите места во Европа за живеење, работење и посетување. Смарт АП, во соработка со Град Скопје, подготви случаи, упатства, портфолиа и модели предвидени под оваа регионална иницијатива со цел да се поддржат синергиите кои ќе ги потпомогнат "зелените" работни места. |
| Септември 2021-Декември 2022 | Американска амбасада | **Младинскиот совет на Американската амбасада во Северна Македонија**<br><br>Преку овој проект, Смарт Ап Скопје и Младинскиот совет на Американската амбасада во Северна Македонија имаа за цел да им ги обезбедат на младите луѓе неопходните дигитални и меки вештини и знаења за успешно справување во денешниот брзо менлив свет, истовремено да ги поттикнат да бидат активни промени во нивните заедници. За таа цел, се спроведени бројни иновативни активности прилагодени за младите луѓе, вклучувајќи работилници, работилници за развој на меки вештини, дигитални вештини, финансиска писменост, медиска писменост, граѓанско учество, подкасти и настаните за младите. |
| Април - Јуни 2022 | Демос Хелсинки (Соработка) | **Антиципативно управување со миграција**<br><br>Во соработка со Демос Хелсинки, СмартАП во овој проект понуди фасилитација за 3 работилници фокусирани на развој на капацитетите на локални чинители за антиципативно управување со фокус на миграција. |
| 15-16 Март 2022 | МСАА | **Работилница за развој на услуги за националните паркови (Северна Македонија)**<br><br>Во рамките на проектот "Дигитализација на управувањето како алатка за оживување на демократијата", во соработка со Македонското здружение на стипендијантите од Чивенинг (МСАА), беше организирана работилница со наслов "Предизвици и можност за одржлив развој на националните паркови во Република Северна Македонија". На работилницата присуствуваа министерот за животна средина и физичко планирање, господин Насер Нуредини, заедно со британската амбасадорка Рејчел Галовеј. |

| | | |
|---|---|---|
| Јули 21 - Јануари 2023 | УНИЦЕФ | **ЕДУИНО**<br><br>ЕДУИНО: Колективно подобрување на образованието преку ко-креирање и иновации најбрзорастечкиот образовен портал во С. Македонија со повеќе од 4,000 видео-лекции за националното предшколско, основно и средно образование. Образовните материјали се развиваат од едукатори/членови на ЕДУИНО заедницата доброволно, со феноменални резултати: повеќе од 4.5 милиони прегледи, повеќе од 30,000 корисници ученици и повеќе од 20,000 корисници едукатори. Колективниот портал сега е во сопственост на Бирото за развој на образованието (БРО), со одобрување од Министерствата за образование и наука и Министерството за труд и социјална политика. Проектот разви е-библиотека, видео лекции, обуки, вебинари, ја разви заедницата Едуино амбасадори, ги активираше родителите да преку игра учат со своето дете со учеството на ЕДУИНО ИГРАТОНОТ и последно Едуино 2Д научна лабораторија и Мрежата за наука и учење. Тимот на Смарт Ап го разви и водеше креативниот и дизајнерски процес на овој мега-портал и неговите многу учесници/соработници. Повеќе на www.eduino.gov.mk. Проектот е финансиран од УНИЦЕФ, Британската амбасада и Европската унија, а уникатната Едуино методологија за соработка и масовно собирање на информации за овластување на учители е препозната во ХандрЕД 2022 Глобална Колекција, HundrED профил. |
| Јануари - Март 2022 | УНДП БИХ | **Обука за иновации во јавниот сектор за лидери во јавниот сектор во БиХ**<br><br>(Реф. BIH21-242-DT-Smart UP - "BiH/RtP/037/21").<br>Проект финансиран од УНПР БиХ, во кој Смарт Ап дизајнираше и изврши образовна програма за иновации и практичен политички лабораториум за високи политички лидери и избрани (50) претставници од јавниот сектор на сите нивоа на владеење. SmartUp исто така дизајнираше и изврши обука на тренери за група од 20 национални тренери |
| Април - Јуни 2022 | СМАРТ АП (Самофинансирање) | **Креативен бизнис куп (С.Македонија)**<br><br>Со локални настани во повеќе од 70 земји, Креативниот бизнис куп е најголемото натпреварување за иновативни и креативни старт ап компании низ светот. Ова натпреварување за стартапи претставува можност за учење, развој и проширување на бизнисот преку активности за зголемување на вештините, светска мрежа и вмрежување. Од сите примени апликации, до 10 стартапи беа избирани во финалната селекција и се вклучија во програмата Креативна бизнис куп Северна Македонија, каде што Смарт Ап обезбеди искусни советнички состаноци и обука за презентации за да бидат подготвени да презентираат најдобро во денот на настанот. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Проектот обезбеди простор, алатки и знаење за бизнисите во областа на креативната и културната индустрија во земјата, како и помош во изградбата на национални и меѓународни врски со цел за зголемување на бизнисот. Проектот исто така вклучи а и 7-дневна Бизнис академија и национален мулти-секторски дебати |

## Публикации и објавени активности

| Назив на публикација | Автор | Датум на релизација | Донатор |
|---|---|---|---|
| **Ко-креирање на модели за групно финансирање**<br>Прирачник | Олимпија Заевска, Даниел Георгиевски Ловрен Маркиќ | Декември 2022 | ЕИТ Клајмат КИК |
| Информативна брошура за **раниот детски развој и колективниот портал ЕДУИНО** | Проектен тим со стручна поддршка од воспитувачи,наставници и БРО | Ноември 2022 | УНИЦЕФ |
| **Организација и реализација на ЕДУИНО игратон**<br>Прирачник | Проектен тим | Октомври 2022 | УНИЦЕФ |
| **Организација и реализација на ЕДУИНО видео Лекции**<br>прирачник | Проектен тим | Октомври 2022 | УНИЦЕФ |
| **Организација и реализација на ибор на ЕДУИНО Амбасадори**<br>Прирачник | Проектен тим | Октомври 2022 | УНИЦЕФ |
| **Организација и реализација на отворениот повик за едукативни игровни активности во рами на платформата ЕДУИНО РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ**<br>Прирачник | Проектен тим | Октомври 2022 | УНИЦЕФ |
| **Организација и Реализција на ЕДУИНО вебинари**<br>Прирачник | Проектен тим | Октомври 2022 | УНИЦЕФ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Импакт инвестирање-Нови можности за финансирање и импакт на општините - Водич за развој на портфолио на импакт инвестиции за Град Скопје** | Проектен тим | Јули 2022- реиздадено | ЕИТ Клајмат КИК и СМАРТ АП |

## Прилив и расход во 2022

### Прилив за 2022

| Име на проект | Донатор | Сума во валута | Сума во денари |
|---|---|---|---|
| Иннофинрес- Хибридни соларни панели Општина Илинден, скопски регион | ЕИТ Клајмат КИК | €80,600.00 | 4,956,900.00 ден |
| Енербилд | ЕИТ Клајмат КИК | €2,250.00 | 138,375.00 ден |
| Градови од иднината на југоисточна Европа | ЕИТ Клајмат КИК | €58,750.00 | 3,613,125.00 ден |
| Младинскиот совет на Американската амбасада во Северна Македонија | Американска амбасада | $7,250.00 | 409,625.00 ден |
| Антиципативно управување со миграција | Демос Хелсинки | €1,237.00 | 76,075.50 ден |
| Работилница за развој на услуги за националните паркови (Северна Македонија) | МСАА | €1,670.00 | 102,705.00 ден |
| ЕДУИНО | УНИЦЕФ | 4,043,499.00 ден | 4,043,499.00 ден |
| Обука за иновации во јавниот сектор за лидери во јавниот сектор во БиХ | УНДП БИХ | €47,550.00 | 2,924,325.00 ден |
| Креативен бизнис куп (С.Македонија) | СМАРТ АП | €20,000.00 | 1,230,000.00 ден |


Прилив по донатор
СМАРТ АП
7.0%
УНДП БИХ
16.7%
ЕИТ Клајмат КИК
49.8%
УНИЦЕФ
23.1%
Американска амбасада
2.3%

## Расход за 2022 година

| Распределба на трошоци за 2022 | | |
|---|---|---|
| Основ | сума во денари | изразено во процент |
| Плати и надоместоци | 7,647,671.00 ден | 41.22% |
| Активности | 9,686,110.00 ден | 52.20% |
| Административни трошоци | 1,221,400.00 ден | 6.58% |

